РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАСИЛЕВО
Бр. 04-257/7
20.02 20 26 год.
Василево

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници (Сл.весник на РМ бр.27/14,199/14,48/15,154/15,5/16,142/16 и бр.11/18 и Сл.весник на РСМ бр.275/2019, 14/20,215/2021 и 99/2022) а во врска со објавениот јавен оглас за вработување во Општина Василево бр.1223/2025 и Предлогот за вработување на кандидати по јавен оглас бр.10-463/6 Градоначалникот на општина Василево донесе:

**ОДЛУКА**
**за избор на 1 извршител за работно место Советник за финансиска контрола и финансиско управување**

1.За извршител на работно **Советник за меѓународна соработка-преведувач на проекти од областа на ЛЕР** во Одделение за комунални работи, уредување на градежно земјиште и локален економски развој се избира кандидатот **Љупка Ангеловска Митева**

2.Именуваниот кандидат ќе биде вработен на работно место од точка 1 по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе посебно решение за вработување

3.Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на објавен оглас број 1223/2025 на ден 31.12.2025 година во дневните весници „Нова Македонија", „Вечер" и „Лајм" како и на веб страната на Агенцијата за администрација, Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас, формирана со Решение бр.10-2781/10-463/1 од 23.01.2026 година спроведе постапката за вработување за работно место УПР0101В01000, Советник за меѓународна соработка-преведувач на проекти од областа на ЛЕР

По спроведената постапка за веродостојноста на доказите и интервјуто и извршеното бодирање Комисијата изготви конечна ранг листа од сите фази на постапката за вработување и до Градоначалникот достави Предлог за вработување на кандидат заверен под број 10-463/6 од 17.02.2026 година.

Врз основа на Предлог за вработување на кандидат, Градоначалникот на Општина Василево изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука**: Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Агенција за администрација во рок од осум дена од денот на објавувањето на одлуката на интернет страната и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

**Општина Василево**
**Градоначалник,**
**Славе Андонов**